Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PRESIDENTI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
КАБИНЕТ-KABINETI
Скопје-Shkup
19.03.2021
Број / Numri 03-338/1
Прилог / Shtojca /

**До: Претседател на Република Северна Македонија**
(имател на информација)

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ја доставите следната информација:**

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ---------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго-------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање на слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 15.03.2021

Бр. 03-338/2
24.03. 2021

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Постапувајќи по Вашето барање, од 19.03.2021 година, а во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во продолжение Ве информираме за потрошените финансиски средства за 2020 година, а во функција на транспарентноста на институцијата Ви ги доставуваме и планираните трошоци за 2021 година:

1. **Финансиските трошоци реализирани во 2020 година кои се однесуваат на справување со Ковид-19, изнесуваат 624.644,00 денари.**
Или одделно по групи трошоци:

- За средства за хигиена (антибактериски гелови, сапуни, антибактериски марамици, бришачи, средства за дезинфекција) = 414.919,00 денари.
- За санитетски материјали (маски, ракавици,хируршки престилки, хируршки капи) = 182.425,00 денари
- За опрема за специјална намена (Ламби со УВ зрачење) = 10.000,00 денари
- За други материјали за специјална намена (метални корпи за отпад со поклопец) = 4.550,00 денари
- За други здравствени услуги (тестирања на вработени) = 12.750,00 денари

2. **Финансиските трошоци реализирани за 2021 година кои се однесуваат на справување со Ковид-19, можеме да ги поделиме на две категории, склучени договори на годишно ниво за:**

- Средства за хигиена (антибактериски гелови, сапуни, антибактериски марамици, бришачи, средства за дезинфекција) заклучно со 23.03.2021 година се реализирани 30.450,00 денари;
- Санитетски материјали (маски, ракавици, хируршки престилки, хируршки капи) заклучно со 23.03.2021 година се реализирани 46.968,00 денари;

- Остатокот од договорените количини ќе се реализира во текот на годината согласно динамиката и потребите.

Дополнителни трошоци кои Кабинетот ги има издвоено за справување со Ковид-19 влегуваат во ставката - други здравствени услуги (тестирања на вработени) = 1.850,00 денари

**Напоменуваме дека изнесените трошоци се однесуваат на потребите на административните службеници, ангажираните лица по договор, припадници на Армијата - гардисти, припадници на МВР кои го обезбедуваат објектот, припадници на МВР кои го обезбедуваат Претседателот, вклучително и сите настани кои биле организирани од Кабинетот, за кои според препораките на здравствените власти, е потребно да се обезбедат услови за заштита.**

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Миле Бошњаковски